Врз основа на член 10 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/98, 98/00, 48/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 152/19, 144/25 и 111/26), член 17 став (3) и член 17-г став (5) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 август 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на член на Управниот одбор на**
**Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје**

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје се именува Антигона Калаба.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

Владата на Република Северна Македонија, врз основа на Извадок од Нацрт - записникот од Сто педест и втората седница одржана на 24.2.2026 година, објави Јавен повик бр. 07/2026 за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Управниот одбор на ЈП Национална Радиодифузија Скопје, заведен под број 18-6066/1 од 22.7.2026 година, објавен на веб страницата на Владата и на веб страницата на јавното претпријатие на 27.7.2026 година.

На огласот се пријави еден кандидат. Комисијата за селекција, формирана со Решение на Владата на Република Северна Македонија бр.18-2326/1 од 24.2.2026 година, на ден 10.8.2026 година, во просториите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, спроведе административна селекција на пријавените кандидати и интервју со кандидатите што успешно ја поминале администратвната селекција и подготви ренг листа од најуспешни кандидати по објавениот Јавен повик бр. 07/2026, со Предлог одлука за избор на кандидати.

Врз основа на доставениот предлог, се одлучи како во диспозитивот на решението.

Правна поука: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението .

**Број 18- 6937/1**
**18 август 2026 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**